Прехранбена индустрија
КРИСТАЛ 1923 АД
Бр. 02-196/1
14.05. 2021 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 457 и член 460 од Законот за трговските друштва и член 57 од Статутот на Прехранбена индустрија КРИСТАЛ 1923 АД Велес, Собранието на акционери на Прехранбена индустрија КРИСТАЛ 1923 АД Велес на седницата на годишното редовно собрание одржана на ден 14.05.2021 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за одобрување на зделки со заинтересирани страни

**Член 1**

Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење (купување, продавање, услуги, давање недвижности под закуп, давање и земање на заеми, кредити и гаранции) СЕ ОДОБРУВА зделка со заинтересирани страни на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД Велес во текот на 2021 година и тоа:

-со Друштвото за производство трговија и услуги АГРО-ЕЛИ извоз-увоз ДООЕЛ Велес со ЕМБС: 558969

и

-со Друштвото за производство трговија и услуги МАЛИНА извоз-увоз ДООЕЛ Велес со ЕМБС: 6452043.

**Член 2**

Вкупната вредност на зделката која се состои од повеќе поединечни зделки со заинтересираната страна Друштво за производство трговија и услуги АГРО-ЕЛИ извоз-увоз ДООЕЛ Велес за тековната 2021 година нема да надмине износ од 60.000.000,00 денари, при што за тоа е склучен посебен писмен договор за деловна соработка заведен во акционерското друштво под архивски број 03-533 од ден 22.12.2020 година.

Реализацијата на овие зделки ќе зависи од потребите на двете договорни страни.

Вкупната вредност на зделката која се состои од повеќе поединечни зделки со заинтересираната страна Друштво за производство трговија и услуги МАЛИНА извоз-увоз ДООЕЛ Велес за тековната 2021 година нема да надмине износ од 60.000.000,00 денари, при што за тоа е склучен посебен писмен договор за деловна соработка заведен во акционерското друштво под архивски број 03-534 од ден 22.12.2020 година.

Реализацијата на овие зделки ќе зависи од потребите на двете договорни страни.

**Член 3**

Износот на зделките со заинтересираните страни е определен по фер вредности и по пазарни услови, односно цени кои важат во моментот на реализирањето на самите зделки.

Овој износ е без вклучен ДДВ и истиот не надминува 10 % од вредноста на активата на акционерското друштво определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи.

**Член 4**

Се овластува извршниот член на Одборот на директори на акционерското друштво да ги преземе сите мерки за доследно почитување на условите наведени во посочениот договор за деловна соработка со заинтересираната страна, а особено за тоа да се внимава зделките да не се реализираат во спротивност со интересите на акционерското друштво.

Се овластува извршниот член на Одборот на директори на акционерското друштво по целосното реализирање на овие зделки да спроведе постапка за известување на акционерите,

јавноста и надлежните државни органи согласно важечките одредби од Законот за трговските друштва.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери,
Претседавач,

прехранбена индустрија
КРИСТАЛ 1923
АД
ВЕЛЕС